


# Канон кон Светот Отец наш Нектариј, епископ Пентаполски, чудотворец

песма на Герасим монах на Микрајананит

Свештеникот започнува со:

**Благословен е нашиот Бог постојано – сега и секогаш и во вечни векови. Амин**

(Ако нема свештеник велиме: По молитвите на светите отци наши, Господи Исусе Христе, Боже Наш, помилуј не.)

Дојдете да Му се поколониме на Царот- нашиот Бог.

Дојдете да Му се поклониме и да паднеме пред Христа Царот-нашиот Бог.

Дојдете да Му се поклониме и да паднеме пред самиот Христос – нашиот Цар и Бог.

*Псалам 142*.

Господи, услиши ја молитвата моја, чуј го молењето мое поради Твојата вистина; услиши ме поради Твојата правда и не влегувај во суд со Твојот слуга, зашто пред Тебе нема да се оправда ниту еден од живите. Непријателот ја прогонува душата моја, го понизил животот мој дури до земјата, ме остави во темнина како оние кои се одамна умрени; опадна во мене духот мој, се вознемири во мене срцето мое.

Се сетив на дамнешните дни и размислував за сите Твои дела, расудував за делата на Твоите раце. Ги протегнав кон Тебе рацете мои, душата моја е жедна за Тебе како сува земја. Услиши ме, поскоро, Господи: духот мој малакса; не одвраќај го лицето Свое од мене, за да не заприлегам на оние, што слегуваат во гроб. Соопшти ми ја утрената милост Твоја, зашто на Тебе се надевам, Господи.
Покажи ми го, Господи, патот по кој да одам, зашто кон Тебе ја вознесувам душата своја. Избави ме, Господи, од моите непријатели, зашто при Тебе прибегнав. Научи ме да ја исполнувам волјата Твоја, зашто Ти си мојот Бог. Твојот благ дух нека ме води по прав пат. Заради Твоето име, Господи, ќе ме оживиш; поради Твојата правда – ќе ја избавиш од неволја душата моја. Според милоста Твоја истреби ги непријателите мои и погуби ги сите, кои ја измачуваат душата моја, зашто јас сум слуга Твој.

Господ е Бог и ни се јави, благословен е оној кој доаѓа во името Господово. *(трипати)*

*Глас 4-ти*. Ти, Кој доброволно на Крстот се искачи, на Твојот нов народ што го носи Твоето име, дарувај му ги Твоите добрини; дај му сила на Твојот народ набожен, давајќи му победа над непријателите, имајќи го за помош твоето оружје на мирот, непобедливата победа.

На Ерархот Христов Нектариј, прославен со дарови небесни, да припаднеме со повик од длабочината на душата: Свети Нектариј, на православните заштитник, од секоја погибел и неволја, и од искушениата од тешките болести, ослободи не нас кои што прибегнуваме, Оче, под твојот покров.

*Слава*, Подобен:

Како оној кој прими власт од Бога, да ги лечи страотните телесни маки,на оние кои им пристуваат на твоите мошти Оче, те молиме исцели ги оние кои се во у страшни тескоби, на болести и заболувања, и во јаки болки, и чувај не во мир нас со своето застапништво, Свети Нектариј.

*И сега*, Богородичен:

Никогаш нема да замолчиме, Богородице, ние недостојните, да раскажуваме за Твоите сили. Зошто кога ти не би стоела пред нас, кој би не избавил од толку несреќи ? Кој би не сочувал до сега слободни? Нема никогаш да одстапиме од тебе, Владичице, зошто Ти ги спасуваш своите слуги скогаш од секакви маки.

Псалм 50

Помилуј ме, Боже, поради големата Твоја милост, и заради големата Твоја добрина избриши ги беззаконијата мои.

Измиј ме темелно од моето беззаконие и очисти ме од мојот грев, зашто престапите мои ги знам и мојот грев е секогаш пред мене.
Против Тебе, само против Тебе згрешив и пред Тебе зло изврешив, така што Ти си праведен кога ќе пресудуваш и беспрекорен кога ќе судиш.
Ете, грешен сум роден, грешник уште од кога ме зачна мајка ми. Ти ја сакаш вистината во срцето, и внатре во мене ме учиш на мудроста Твоја.
Пороси ме со исоп, и ќе бидам чист; измиј ме и ќе бидам побел од снег. Дај ми да чујам радост и веселба, нека се зарадуваат коските што Ти ми ги здроби.Одврати го лицето Свое од гревовите мои и избриши ги сите мои беззаконија.
Создај чисто срце во мене, Боже, и нов и прав дух стави во мене.
Не отфрлај ме од лицето Свое и Светиот Дух Твој не одземај Го од мене. Врати ми ја радоста на спасението од Тебе и благороден дух зацврсти во мене. Тогаш ќе ги научам престапниците да одат по Твоите патишта, и грешниците кон Тебе ќе се обраќаат.
Ослободи ме од пролеаната крв, Боже, Боже на моето спасение, и јазикот мој ќе пее за Твоето избавување!
Господи, отвори ја устата моја, и устата моја ќе ја објави пофалата Твоја; зашто, жртви не ти се мили, кога би ти принел сепаленици, Ти не би ги примил.
Жртвата пред Бога е скрушен дух; срце понизно и смирено Ти, Боже, не отфрлуваш. Господи, направи му добро на Сион, според благоволението Свое, обнови ги ѕидовите ерусалимски.

Тогаш ќе Ти бидат угодни жртвите на правдата, вознесувањата и жртвите сепаленици; тогаш на Твојот олтар ќе принесуваат телци.

Канон со акростих: „Од Болести, Нектарие, ослободи не, Герасимов."

*Песма 1.-ва Глас 8-ми*.
Кога го помина морето како по суво и го избегна египетското зло, Израилецот повикуваше: да Му запееме на нашиот Избавител и Бог.
Нападанат од многу искушенија, кон Тебе прибегнувам, со молитва барајќи спасение: Смири го, отец, животот мој, и здравје дарувај ми.
Животот свој свето го проживеа, секогаш осветуваш, и избавуваш од секое зло, Нектарие Оче богоносен, на оние кои приоѓаат на твоите божествени мошти.

Силите на чудата, придвижи ги, и исцели, ги Оче, од мачната немоќ, оние кои ја бараат твојата помош, Архијереју Чудотворче Нектарие.

Богородичен:

Како Божја Мајка благоутробна, доброљубива Девојко, облагоутроби се на мене, и ослободи ме од секоја беда и беснило и од невидливата змија ослободи ме.

*Песма 3-та.*

Творецу на небескиот свод, Господи, и Создателу на Црквата, Ти утврди ме во Твојата љубов, посакувано скончание, утврдување на верните, единствен Човекољупче!

Од секакви оболувања, мачни болести и ненадејна смрт, и напади на празлобниот неприател, како сострадален Ерарх, сочувај ги неповредени оние кои со почести те величаат.

Нектар нестворен Божји, Божја благодат, со која Бог те создал, му точи на секој твојата Света глава, и горчината на болеста ја отпушта - Свети од нас. Во маки и болки, и мачно камшикуван, Оче, животот мој што го живеам кон тебе го приклонувам; не ме одминувај, туку со својата посета, од сталните мои маки, ослободи ме!

Богородичен:

Прибежиште на светот и нераскинлива подршка, Благодатна Дево, на оние кои прибегнуваат кон твојот покров, заштити не и чувај не од лукавите соблазни на итрата змија.

Зачувај не од секоја штета и мака, Архијереју, нас кои верно ти прибегнуваат и кои го бараат твоето покровителство, и кои искрено те почитуваат, Нектарие богоносен.

Погледни благонаклоно Сефалена Богородице, на тешкото страдање на моето тело, и излечи го мојот бол.

*Потоа скратена сугуба Ектенија и Катизма.*

*(Ако нема свештеник тогаш оваа ектенија не се кажува, туку веднаш тропарот, глас 2-ри)*

Помилуј не, Боже, по Твојата голема милост, Ти се молиме чуј не и помилуј.

Господи помилуј. *(три пати)*

Уште се молиме за милост, живот, мир, здравје, спасение, посетување, простување и помош на Божјите слуги (Божјиот слуга) (името).

Уште се молиме за сите браќа и за сите христијани.

*Возглас:* Зошто си милостив ...

*А потоа се кажува тропарот Глас 2-ри.*

Топла молитвеничке, неразручив бедему, извору на милоста, прибежиште на светот, усрдно Ти повикуваме:

Богородице Владичице, побрзај и избави не од несреќите, единствена брза застапничке.

Извор на изобилни исцеленија во Духот, се покажа мудриот кивот на твоите мошти; зошто исцелува болни, и здравје и крепост дарува; на оние кои со топла вера му приоѓаат, Нектарие, пресвет Оче.

*Песма 4-та.*
Ја слушнав, Господи, тајната на Твојата промисла, ги сфатив Твоите дела и го прославив Твоето Божество.

Манастирот свој, Оче Нектарие, направи го отпорен на секое дејство на лукавиот дрзник, штити го со својата благодат.

Немоќните кои доаѓаат, Оче, од сите страни на твојот обор, удостој ги со исцеленија, и развесели ја нивната тага. Крепост подај и исцеление, и на душата и телото, Оче Нектарие, и од престапот избавување, на оние кои искрено те благословуваат.

Богородичен:

Управувај со мене, Сенепорочна, на патот на спасоносното преумување, и болестите мои попатно, умртви ги и до крај исправи ги.

*Песма 5-та.*
Просветли не со Твоите заповеди, Господи, и со Твојата подигната рака, подај ни Го, Човекољубче, Твојот мир.

Егина те најде за топло прифатилиште; поради тоа кон благодатта твоја секогаш, прибегнува и избавува од се и од секоја вознемиреност. Да водиме живот мирен и спокоен, подалеку од секоја зла намера непријателска, удостој не, Оче Нектарие. За силна тврдина и заштитник, Оче Нектарие, твојот манастир чесен тебе те има, горд е, на твоето брзо исполнување.

Неоскврнета Чиста, Мајко Божја неискусомажна, оние кои се надеваат на Твојот покров секогаш, сочувај ги да бидат над секоја повреда.

*Песма 6-та.*
Ќе ја излеам својата молитва пред Господа, и Нему ќе Му ги кажам моите маки, зошто душата ми се исполни со зло, и мојот живот се приближи кон пеколот, и се молам како Јона: Боже подигни ме од распаѓање.

Олесни ги маките на телото и душата, Оче Нектарие, на оние кои прибегнуваат кон твоето застапништво, и нашите срца со радост исполни ги, а облакот од тешките неволји од нас изгони го.
Да, ослободи ги оние – кои верно прибегнуваат, под твојот покров од опасностите разновидни, и соблазните на погубниот непријател, и мноштвото неволји и маки, Свемилостивиот Син моли го, Нектарие чудотворец.
Од висините, како сострадален, кој чува, никогаш не престанувај постојано да ги штитиш, светите твои мошти, на светиот твој манастир, богоносен, кој постанал твоја голема ризница, Нектарие чудотворче.

Богородичен:

Спасителка и Избавителка на луѓето, Човекољубец, која го зачна Синот, спаси ме, Девојко, со својата заштита, од злата тиранија на лукавиот, и оживеј ја мојата душа за дарежлив подобар живот.

Сочувај ги од секоја повреда и мака Ерарху, оние кои верно прибегнуваат кон твоето застапништво, и кои те почитуваат, Нектарие богоноснен.

Пречиста, ти која со Збор неиспитливо Словото си го родила, во последните времиња, моли Го, како онаа која има смелост на мајка.

Ектенија и Кондак. Глас 2. Заштита на христијаните.

На паднатите исправување си постанал, и потпора, Нектарие, во последните времиња, прославени од Господа; но секогаш и нас чувај не да бидеме поштедени од животните искушенија, молејки од Бога крепост и спасение Ерарху, наш.

Прокимен:

Свештениците твои, Господе, ќе се облечат во правда, и праведниците твои ќе се израдуваат.

Стих. Чесна е пред Господ смртта на Светителот негов.

Евангелије по Јован (гл. 10, 9-16)

Рече Господ: Јас сум вратата: кој ќе влезе преку Мене, ќе се спаси; и ќе влезе, и ќе излезе, и пасиште ќе најде.
Крадецот доаѓа само да украде, да убие и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилие. Јас сум добриот Пастир. Добриот пастир си ја полага својата душа за овците; а наемникот, кој не е пастир и не е сопственик на овците, ако види дека доаѓа волк, ги остава овците и бега; и волкот ги разграбува и ги распрснува овците.
Наемникот бега, зашто е наемник, и не се грижи за овците.
Јас сум добриот Пастир; и ги знам Моите, и Моите Ме знаат Мене.
Како Мене што Ме познава Отецот, така и Јас Го познавам Отецот; и душата Своја ја полагам за овците Свои. И други овци имам, што не се од ова трло, и нив треба да ги приберам; и ќе го чујат гласот Мој и ќе биде едно стадо и еден пастир.

*Слава...* Со застапништво на светиот Ерарх, милостив, избриши ги многуте мои гревови.

*И сега...* Со застапништво на Богородица, милостива, избриши ги многуте мои гревови.

Стих: Помилуј ме, Боже, по големата милост своја, и по изобилното милосрдие твое, избриши го безаконието мое.

*Подобен. Глас 2-ри*. Све одлагајќи…

Како нова ѕвезда си се покажал на Црквата Христова, во последните времиња, блеснувајки со својот чист живот, Свети, со мудрите одблесоци на благодатта во себе, осветлувајќи не нас со молњи на исцеленија, секогаш го расчистуваш мракот на нечестивите, и помрачувањето на болестите; затоа ти повикуваме: Не престанувај да не избавуваш нас, од делата на мачителот и сите видови на тешкотии.

Спаси го, Господи, народот Твој и благослови го Твоето наследство. Победа на сите православни Христијани наши над противниците дарувај им, и со крстот Твој зачувај ги Твоите граѓани.

*Песма 7-ма.*

Момчињата, кои дојдоа од Јудеја во Вавилон, со верата во света Тројца го уништија пламенот на печката, пеејќи: благословен си, Боже, на отците.

Од секакви болести, искушенија, опасности и прилики, и завист и злоба на луѓето злонамерни, неповредени чувај ги, оние кои секогаш те почитуваат, Нектарие свеблажени.

Исцелувајќи ги постојано од тешќи слабости , Оче Нектарие, оние кои верно пристапуваат, кон твоите боженствени мошти, во новите времиња, во тебе гледаа помошник најголем. Како Старец богопријатен и со нова круна, Оче Нектарие, виден си на островот Егина, која секогаш се надева на твоето застапништво, Свети, и ги собира плодовите на твојата благонаклоност.

Богородичен:

На патот на заповедите, на од тебе Овоплотениот, Девојко одведи ме, од вратата на гревот, Дево, ослободи ги стегите на срцето мое, да те фалам засекогаш, спасен со твојата благодет.

*Песма 8-ма.*

Царот небесен, Кого Го воспеваат ангелските воинства, фалете Го и превознесувајте Го во сите векови.

Поплавата на злобата, што се излива, Оче, по браздите на срцето мое, сосема исуши ја, со силата на божественото твое застапништво. Препознавајќи те како исцелител на немоќите, пристапуваме кон твојата света Глава, како би се избавиле, од камшикувањето на болестите.

Заштитувај го постојано, својот манастир свет, и управувај сам со своето застапништво, Оче Ерарху, со сопствениот од тебе даден, татковски дар.

Богородичен:

Исцели ја, Дево, немоќната душа моја од најзлобните змиски страдања, и осветли ме со светлината на безболноста.

*Песма 9-та.*

Ние спасените преку Тебе, Дево Пречиста, Те исповедаме за вистинска Богородица, величајќи Те со бесполотните чинови.

Ослободи не од бесовите на невидивот непријател и страотните животни прилики, нас кои се приклонуваме, Оче, под твојот покров. Душата моја од бол и мене од болки телесни, Оче, ослободи ме, со дадената ти од Бога обилна благодет. За богодушното

твое стадо умоли го, и за Егина Христос Човекољубецот, за целиот Свет и нашата Македонија, Оче Нектарие.

Богородичен:

Пееме за твојата благодат, Благодатна; зошто ти постојано како мајка со мајчинска љубов, го покриваш и храниш и топлиш секој од нас.

Достојно е навистина Блажена да Те нарекуваме Тебе, Богородице присноблажена и пренепорочна и Мајка на Нашиот Бог.

Почесна од хеувимите и неспоредливо преславна од серафимите, нетлено си го родила Бога Словото, Тебе која си вистинска Богородица Те величаме.

Нов зрак на побожност, и на Црквата виделина новопојавена, на топлиот заштитник и патрон на Егина, на Нектарие божјиот човек, со химни му оддаваме благодарност.

Радувај се, новонадојдена реко, која ја плавиш со нектарска боженствена благодат, и боженствени слапови, Црквата Христова, Оче Нектарие.

Сјаејќи на височините на доблестите, во новите времиња како зрак богозарен, мудро ги осветлуваш умовите на верните, со чистиот твој живот, Оче Нектарие.

Радувај се, спасителу на изнемоштените, и брз лекару на настраданите; радувај се ти кој исцелуваш болести и болки, на оние кои пристапуваат, Оче, на твоите мошти.

Радувај се, ризницо на Егина, и на православните прифатилиште и помошник;

Радувај се, украс нов на Грчката земја, Нектарие себлажен, кој си наша подршка. Со твоето родителско застапништво, чесниот свој манастир, чувај го неповреден, Оче Нектарие, и исполни ги прозбите на оние кои во побожност, тебе те спомнуваат.

Сите анѓелски војски, Претечо Господен, дванаесторица апостоли и сите Светии, со Богородица, застапувајте не, за наше спасение.

*Трисвето и Тропар: глас 1-ви*. На пустината жител…

Изданок од Визант и на Егина заштитник, пројавен во последите времиња, миленик на изворните доблести, тебе Нектарие те почитуваме ние верните, како богоугоден исцелител Христов; зошто ти точиш исцеленија секакви, на оние што побожно ти воскликнуваат;

**Слава на Христос кој тебе те прослави, Слава на Оној кој чудотворец те направи, Слава на оној кој чини преку тебе, исцеленија на сите**.

*Ектениа и вообичаен помен, и Отпуст при кој се, поклонуваме на светата икона, и го пееме следниот подобен.*

*Глас 2-ри*. Од дрвото...

На сите прфатител и тврдина, и топол заштитник и покров биди, Нектарие, на оние кои ти пристуваат, Оче, со вера, и кои чесните твои мошти ги целиваат, а кои Христос ги прославил со благодет и чуда, разрешувајќи макотрпни искушенија, и мир на сите им даваш, и простување на престапите од одзгора.

Владичице прими ги, молбите на слугите свои, и избави не од секоја неволја и мака.

Сета моја надеж ја полагам во тебе, Мајко Божја, сочувај ме под својот покров.